Врз основа на член 39 од Статутот на Општина Струмица (Службен гласник на Општина Струмица бр 5/06), Градоначалникот на Општина Струмица објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

До спортските здруженија и други правни лица во областа на СПОРТОТ од Општина Струмица. Јавниот повик е во рамките на програмата за спорт (L0) за распределба на средства од Буџетот на Општина Струмица за 2022 година.

**Право на учество**

- Како субјекти кои можат да конкурираат се спортските здруженија и други правни лица во областа на спортот.
- Субјектите мора да се формирани и делуваат на територијата на Општина Струмица.

**Основни критериуми кои треба да ги исполнуват здруженијата на граѓани и и други правни лица во областа на спортот кои учествуваат на овој повик се:**

- го поттикнуваат и унапредуваат соодветниот спорт;
- ја реализираат утврдената програма за развој на спортот.
- ги усогласуваат и координираат програмските активности на здруженијата;
- го организираат и спроведуваат системот на натпревари
- се грижат за унапредување на стручната работа и усовршување на стручните кадри
- се грижат за унапредување на младите категории

**Потребна задолжителна документација која спортските здруженија и други правни лица во областа на спортот треба да ја достават:**

-Документација од извршена регистрација на субјектот (Тековна состојба) не постара од 3 месеци издадена од Централен Регистар на Република Северна Македонија;

- Годишна програма за работа за тековната 2022 година;

- Извештај за потрошените средства доколу имаат добиено од Општина Струмица за минатата 2021 година; (Важи само за спортските здруженија и други правни лица во областа на спортот кои имаат добиено средства од Општина Струмица минатата 2021 година )

- Формулар за аплицирање (ПРИЈАВА) кој може да се подигне од општина Струмица или од ВЕБ страната на општината www.strumica.gov.mk.

- Решение од Агенција за млади и спорт за вршење дејност спорт

- Прилози, фотографии, награди и др.

**Рок и начин на доставување на пријавите:** Јавниот повик трае 14 дена од 22.02.2022 до 11.03.2022 година Крајниот рок за поднесување на пријавите е 11.03.2022 година (Петок) до 16 часот.

Пријавата со целокупната документација треба да се достави преку пошта или лично на адреса:

**Општина Струмица**
**Ул.„Сандо Масев“ Бр.1**
**2400,Струмица**
**или во архива на Општина Струмица**

**На пликот треба да стои (НЕ ОТВАРАЈ) со назнака за LO (Спорт)**

**Напомена**: Пријавите со непотполна документација или пристигнати по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат. Доставените прилози не се враќаат. Апликантите кои ќе дадат неточни податоци во формуларот за аплицирање (пријавата) и останатите документи ќе бидат одбиени без право да аплицираат во наредните 2 години.

**ОПШТИНА СТРУМИЦА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**КОСТАДИН КОСТАДИНОВ**